Република Северна Македонија
Општина Кавадарци

Арх.Бр.____________

Дата:______________
Кавадарци

Република Северна Македонија
Општина Кавадарци

Плоштад Маршал Тито б.б.
1430 Кавадарци,
Република СевернаМакедонија
Тел. 043/ 416-130
Факс043/416-130
e-mail:opshtina@kavadarci.gov.mk

Врз основа на Одлука за делегирање на надележностите на Општина Кавадарци за организирање и реализирање на културните манифестации по Програмата за активности на Општина Кавадарци во областа на културата за 2020 година бр.08-7017/17 од 25.12.2019 година, член 4 од Правилникот за начинот и постапката за делегирање на надлежностите на Општина Кавадарци за организирање и реализирање на културните манифестации по Програмата за активности на Општина Кавадарци во областа на културата за 2020 година на правно лице бр.08-7017/19 од 25.12.2018 година и член 113 став 1 точка 20 од Статутот на Општина Кавадарци (Сл.гласник на Општина Кавадарци бр.08/05), Градоначалникот на Општина Кавадарци објавува,

**ЈАВЕН КОНКУРС**

**За делегирање на надележностите на Општина Кавадарци за организирање и реализирање на културните манифестации по Програмата за активности на Општина Кавадарци во областа на културата за 2020 година на правно лице**

Се делегираат надлежностите за организирање и реализирање на културните манифестации предвидени во Програмата за активности на Општина Кавадарци во областа на културата за 2020 година и тоа:

1. Културно стопанска манифестација „Св.Трифун“, 14-ти Февруари
2. Културна манифестација „Тиквешки Гроздобер, септември
3. Нова Година, декември

Обврска на правното лице е во целост да ги испланира, организира, реализира и менаџира културните манифестации.

Висината на финансиските средства од Буџетот на Општина Кавадарци за делегирање на надлежноста е содржана во Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на културата за 2020 година.

Кон пријавата правното лице треба да приложи:

1. Решение за упис во Централен регистар;
2. Детален опис на активностите, носители и рокови на реализација на делегираните надлежности;
3. Финансиска структура на активностите;
4. Име, презиме и матичен број на лицата ангажирани во вршење на делегираните надлежности , квалификациона структура и професионално искуство;
5. Име, презиме и контакт телефон на одговорното лице за реализација на делегираните надлежности.

Општина Кавадарци ќе склучи Договор за делегирање на надлежноста со правното лице кое што ќе биде избрано на јавниот конкурс согласно Законот за облигациони односи.

Приложените проекти мора да содржат образложение и предлог финансиска конструкција во која ќе бидат наведени средствата потребни од Буџетот на Општина Кавадарци како и средствата обезбедени од Министерството за култура, сопствени средства и други извори.

Потребните податоци како и предлог проектите со финанасиска конструкција треба да се достават задолжително на посебен формулар – Пријава која може да се подигне во електронска верзија од веб страната на Општина Кавадарци www.kavadarci.gov.mk.

Потполнетите пријави да се достават до Општина Кавадарци во рок од 7 дена по објавувањето на јавниот конкурс во средствата за јавно информирање, во архива или по пошта на адреса: **Општина Кавадарци, Плоштад Маршал Тито бр.2 Кавадарци,со назнака „Конкурс Култура 2020“**

Некомплетните и ненавремени пријави нема да бидат разгледувани.

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**м-р Митко Јанчев**